Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 146 Ноември-Декември 2024 г.

цена 20 денари,

**Александар АРСОВСКИ,**
**в. д. директор на ЈП "Исар"**



## Реакциите на граѓаните ги сметам за конструктивен партнерски однос со ЈП „Исар“

Quehenberger logistics

AKTIVA

стоматолошка ординација ПЗУ Прим. Д-р Благој Ников

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОПРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА



## Нашиот Штип на влезот во 2025 година. Преубав!







## Среќна нова 2025 година

Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

Иван Бојаџиски



# За Новата година и за нашите „Штипски работи“

На прагот сме од уште една нова година во нашите животи. Без оглед колку е неизвесен периодот од новите 365 дена кој го славиме, човечки е Новата 2025 година да ја дочекаме полни со оптимизам и верба во поубавото. Вербата во посебноста на животот е тоа што човештвото го тера на оптимистички поглед на својата иднина.

Така треба да биде и со нас.

Ова посебно бидејќи и ние во нашиот Штип, како дел од една поголема градска/општинска заедница, имаме право на своја нова надеж и поради фактот дека, во последно време, работите во градот и општината се менуваат на подобро. Со низа инфраструктурни потфати на локалната власт се олеснува животот на граѓаните во многу сегменти. Асфалтни улици таму каде што 70 години се газело во кал, тротари за безбедност на пешаците, кружни токови за полесен, побезбеден и побрз проток на сообраќајот, нови зелени површини, почеток на градбата на најголемиот еко парк во регионот, улицата Партизанска со која се решава многу важно прашање во сообраќајното поврзување на градот, почетокот на изградба на Линија 2 за посигурно водоснабдување на населби кои со децении имале проблеми со водата или воопшто ја немале, административната брзина и квалитет со кои се доделуваат локации за изградба на станбени згради, индустриски објекти и (или) семејни згради...

Сето ова се зафати кои се неопходни на еден град од форматот на Штип, а нашата надеж е дека во тој стил одговорните за градот и општината на чело со Иван Јорданов, најмладиот градоначалник во историјата на Штип ќе продолжат и во новата 2025 година.

Во овој број на весникот донесуваме и анализа за најуспешните фирми (компании) во нашето стопанство. Меѓу двестотините најсупешни во државата шест се од Штип. Анализата по однос на ова важно прашање за нашиот опстанок и развој ја донесуваме на посебна страница во весникот бидејќи цениме дека нашето стопанство заслужува да има свое редовно место во нашите медиуми.

Но, тука, во оваа сфера, во очи паѓа една многу важна работа која посебно го погодува Штип. Се работи за односот помеѓу текстилната и сите други индустрии во градот. Накратко да нотирам дека компанијата Адиент Сеатинг која вработува 1.400 лица, ја нема на листата од 200 најсупешни компании по остварена добивка, што значи дека и останатите пет штипски компании кои се од други стопански дејности се пред неа, а некои од нив имаат и по пет пати помал број вработени!

Но, што нам ни говори овој податок? Ни говори тоа дека текстилната индустрија, во која гранка е и Адиент Сеатинг (производство на навлаки за автомобилски седишта) е навистина ниско акумулативна и како таква не создава големи профити/добивки. Тоа значи дека платите кои се исплатуваат во оваа индустрија која е број еден во Штип не можат да бидат на ниво на платите кои се исплатуваат во деугите стопански дејности чие производство носи многу повеќе пари.

Затоа, намалете малку со тоа критиките врз сопствениците на конфекциите во градот, зашто мора да се има во предвид погоре нотираниот факт, а и треба да се има на ум историјата на градењето на новата штипска стопанска структура кога токму текстилната индустрија, луѓето кои решија да инвестираат во неа, отвори 7.700 работи места и со тоа, во едно пресудно време на општествено, политичко економско и социјално преструктуирање егзистенцијално го спаси Штип со отворањето на огромен број работни места во време-невреме кога многу работи на многу луѓе кај нас за иднината која ни претстоеше не и беа сосема јасни.

Малку повеќе респект кон нашето стопанство и нашите стопанственици би било нешто што јас би го нарекол праведен однос кон оние кои економски го држат градот.

Последнава деценија посебно, најактуелна во нашата држава е темата за иселувањето на младите кои на некои туѓи огништа заминуваат во надеж за подобар живот без оглед на фактот дека и тие добро знаат дека „само дома си е дома“. Притиснати од неможноста да се вработат на места за кои макотрпно се школувале, за што нивните родители издвојувале најголем дел од своите примања, притиснати од неправдите во „редоследот“ при одлучување кој прв ќе го добие работното место, соочени со неможноста за целиот свој работен век тука, дома да купат стан за себе и за семејството кое имаат намера да го создадат, спасот го бараат во некои туѓи земји, меѓу луѓе кои кои по ништо не им се и не можат да им бидат блиски.

На оваа тема, каде оди Македонија во поглед на миграцијата на нејзината младост за која сите се колнат дека е нејзина иднина, д-р Страшко Стојановски, професор по социологија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, со свои соработници направи сеопфатно истражување. Со професор Стојановски направивме разговор за весникот за резултатот од нивното истражување, а на разговорот, од повеќето можни, му го до дадов насловот:

Македонија е веќе земја на старци!

Интересен и актуелен разговор кој вреди да се прочита (како и се друго во овој весник), а јас на крајот од овој поглед од мој агол би ја изразил својата надеж со овие мисли:

На крајот од следната 2025 година да напишам исто ваков текст со констатација дека миграцијата се намалила, дека неправдите станале правдини, дека вработувањето е според квалитетот, а не според тоа кој на која партија припаѓа, дека младите за својата работа добиваат плати со кои ќе можат да си купат стан што е предуслов за создавање брачна заедница, а овој предуслов е главен услов да се раѓаат што поголем број деца кои ќе донесат нови вредности.

***Штипски Глас ви посакува Среќна Нова 2025 година***



# Почитувани сограѓани,

Позади нас оставаме уште една успешна година, година во која се вложивме максимално во реализација на предвидените активности и остварување на ветувањата кои ги дадовме пред Вас граѓаните.

За следната, 2025 година обезбедивме средства во буџетот за реализација на многу проекти и капитални инвестиции,бидејќи Штипјани заслужуваат модерен,убав и урбан град.

Во новата година мои драги сограѓани, Ви посакувам пред се' да ги пречекате новогодишните празници во здравје,мир и благосостојба со своите семејства,а од годината која што изминува да ги понесете само позитивните искуства.

***Среќни Новогодишни и Божиќни празници!***

**Иван Јорданов,**
**градоначалник на Штип**

## Александар АРСОВСКИ, в. д. директор на ЈП “Исар“

# Реакциите на граѓаните ги сметам за конструктивен партнерски однос со ЈП „Исар“

Јавното претпријатие „Исар“ се грижи за нешто што го нарекуваме „крвотокот на градот“. Водата, комуналната хигиена, градското зеленило...И поради тој факт претпријатието е 24/7 под лупа на јавноста. Во име на таа јавност во овој број на Штипски Глас правиме интервју со директорот Александар Арсовски за сите аспекти од делувањето на ЈП “Исар’.

**Г-дин Арсовски, јавните претпријатие се предмет на најширока опсервација на јавноста. Тоа е насекаде така, и во најголемите метрополи и во најмалите општини, а така е и во нашиот Штип. Како вие гледате на реакциите на граѓаните во однос на работата на претпријатието со кое раководите?**

-Јас милувам да кажам дека секоја реакција од граѓаните ја сметам како конструктивна партнерска реакција и истата „дојава за одреден проблем“ за мене значи и половина завршена работа. Навремената реакција/укажување од страна на граѓаните без разлика со каков интензитет и да доаѓа до нас, ни дава доволно време согласно нашите капацитети да реагираме и интервенираме на терен во интерес на општото добро. Тука, сакам да ги пофалам вработените и им ја изразам мојата благодарност што секојдневно извршуваат сложени и неретко ризични задачи во интерес на граѓаните.

**ЈП „Исар“ е најозборуваното јавно претпријатие но малкумина од нашите сограѓани располагаат со информации за состојбите во претпријатието, посебно бројот на вработени кои се грижат сите работи да бидат во ред. Кажете ни нешто за тоа...**

-Бројот на вработени секојдневно варира, но моментално во ЈП Исар има 283 вработени. Оваа бројка можеби изгледа голема но секојдневното справување со тековните работни задачи и активности на терен го покажуваат токму спротивното поради тоа што се зголемува опфатот и деловите во градот каде што истите извршуваат работни задачи. Внатрешната реорганизација и вработување во клучните работни единици е секогаш предивик и можам да кажам дека веќе се превземени неколку чекори за подолгорочно решавање на истите и тие веќе ги даваат и првите позитивни резултати.

**Се тврди дека овој век ќе биде век за квалитетна вода за пиење која светот ја нема во доволни количини. Со прифаќањето на водата**



Александар АРСОВСКИ,

**од ХС Злетовица Штип го реши прашањето со водоснабдување за наредните најмалку 30 години, и во таа смисла градот треба да се смета за среќен. Дали цените дека тоа така?**

-Водоснабдувањето на општината од самиот прием на првите количини на вода од ХС „Злетовица“ па до денес е стабилно благодарение на редовната испорака на вода од која ни доаѓа од регионалниот хидросистем. Но, гледано долгорочно, благодарение на новите инвестиции кои ќе се случат во ХС Злетовица дефинитивно градот треба да е среќен поради стабилното водоснабдување кое ќе продолжи и во наредните години. Бунарскиот ситем е застарен, руиниран, издашноста на вода е со минимален капацитет и истиот не е во можност во целост да ги задоволи потребите на граѓаните, но ние го одржуваме во оптимален минимум.

**-Недостигот на квалитетна вода за човекова употреба во светот го поставува како императив прашањето за тоа дали ние имаме изградено култ кон водата во смисла на најрационален однос кон нејзиното користење. Ова посебно се однесува за зимскиот период кога многумина кои имаат чешми во дворовите ги пуштат за течат 24 часа на ден за да не им замрзнат...**

-Наша примарна обврска е да обезбедиме до-

волни количини на питка, бактериолошки и хемиски исправна вода за пиење за граѓаните. Тоа и го правиме. Но, паралелно со тоа превземаме мерки, апелираме истата рационално да се користи и се надеваме да наидеме на позитивно разбирање од страна на граѓаните. Во однос на заштитата од мрзнење во периодот што ни претстои, нашите служби за одржување и сервис на водомерите постојано упатуваат препораки за нивна соодветна ( по можност термичка) заштита со што би се намалил ризикот од мрзнење и сите негативни ефекти и верижни појави од тоа. Се надевам дека сите ќе бидеме на висина на задачата.

**-Во сите општини во Македонија клучно прашање се загубите на водата на нејзиното патување од филтер станиците до крајните потрошувачи. Тоа е прашање кое го погодува и Штип и за кое на разни нивоа се дебатира со години. Како стоиме по ова суштинско прашање кога е збор за рационалното користење на водата?**

Да, тоа е прашање кое фигурира како деценски нерешен проблем, а тоа прашање, таа состојба мене ми е предизвик и врвен приоритет во секојдневно деме пионери и после неколку години на континуирана заштеда да успееме да ги намалиме и сметките за вода што ги испорачуваме кон граѓаните. Јас сум оптимист, неуморно работам на тоа и се надевам дека вече во текот на 2025 (идната) година ќе сведочиме на тој успех.

**Најавивте набавка на три нови возила, прашањето ни е за какви возила се работи и што ЈП Исар, а преку него и градот добива со нив.**

-Да, во тек е постапка за набавка на три специјализирани возила кои што ќе бидат во функција на подобрување на услугите што ние ги испорачуваме кон граѓаните. Станува збор за возила што ни недостасуваат а истите ќе го рационализираат трудот на вработените. Се работи за мултифункционален камион за метење и одржување на коловозите и тротоарските површини кој има можност преку соодветен приклучен додаток да собира и паднатата лисна маса, нанесен песок и земја по коловозитНабавуваме и цистерна за миење на улици која ќе биде постојано во функција за одржување и миење на улиците согласно програма за работа како и набавка на популарно наречената каналџетка, специјализирано возило за интервенто но и по-



Работници на ЈП „Исар“ во новите ХТЗ одела набавени пред месец дена

***СКАДА СИСТЕМ ....Годишната загуба на вода која се „губи“ низ водоводната мрежа е од 58-62 проценти. Таа вода ние немаме можност да ја наплатиме бидејќи немаме регистриран краен корисник. Тоа ќе биде можно единствено по ставањето во функција на СКАДА системот (систем за мониторинг, контрола и управување со водоводната мрежа). Со тоа, уште во првата година загубите на вода ќе се намалат за повеќе од 20 проценти, овој систем ќе стартува од идната година и Штип ќе биде пионер во таа работа.***

работење. Од 58-62 проценти е годишната загуба на вода која што се „губи“ низ водоводната мрежа. Станува збор за третирана, за питка вода која што ЈП, за да ја доведе во таква состојба, создава финансиски обврски, а истата губејќи се низ системот немаме можност да ја наплатиме бидејќи немаме регистриран краен корисник. Народски кажано, сите велиме дека домаќински работиме но треба и да се видат ефектите од тоа работење. Тоа ќе биде можно единствено по ставањето во функција на СКАДА системот (систем за мониторинг, контрола и управување со водоводната мрежа). Со тоа, уште во првата година загубите на вода ќе се намалат за повеќе од 20 проценти. Тоа е првиот чекор кон финансиска стабилност на ЈП но зашто да не бистојано (тековно) одржување на канализационата мрежа.

Проценетата вредност на овие возила изнесува околу 12 милиони денари средства обезбедени од програмата и планот за јавни набавки на ЈП во соработка и со поддршка на Градоначалникот на Општина Штип.

Кога станува збор за модернизирање на механизацијата и машинскиот парк, ме радува фактот што делиме исто мислење со локалната самоуправа и градоначалникот, а тоа е дека за услугите што мора да ги испорачаме кон граѓаните обезбедувањето на финансиски средства за истото не смее да биде доведено во прашање, напротив мора да биде врвен приоритет.

**-Најавивте и набавка на одредена количина нови канти за собирање на сметот, што велат вашите анализи колку канти фалат во градот, како семејствата кои ќе посакат да добијат канта во својот двор да дојдат до истата, треба ли да си ја купат, дали тоа значи дека ќе се набавуваат и големи контејнери за пред станбените и деловните згради....**

Преку проект со надлежното министерство за животна средина обезбедивме 1.216 канти за отпадоци и 59 контењери за собирање на комунален отпад кои ќе бидат доделени бесплатно на одредени групи на граѓани. Тука мислам на пензионери со минимални пензии, самохрани родители, лица со одреден инвалидитет... Додека пак во деловите од градот и на домаќинствата што гравитираат таму, а каде што е честа појавата на создавање на диви депонии околу контењерите, исто така ќе им поставиме канти за отпадоци и истите ќе влезат во планот за тековно собирање и изѓубрување. Со тоа се надеваме дека грдата слика што ја создаваат дивите депонии ќе стане минато. Исто така на критичните позиции каде што имаме често „полни“ контењери, планираме и веќе го зголемуваме бројот на истите на секоја позиција одделно во зависност од потребата за тоа.

**Што станува со тнр. „метларки“ кои ЈП Исар ги купи претходно, тие машини нешто ретко ги среќаваме по улиците и тротоарите на Штип, промашена инвестиција или...И како да ги научиме нашите сограѓани, посебно младата популација, да изградат здрав и продуктивен однос кон градот преку зголемување на свеста за нивната одговорност кон општата комунална хигиена на градот?**

-Прво, постојните метларки се покажаа како крајно нефункционални, а и трошоците за нивното одржување не го оправдува нивното секојдневно работење. Набавката на новите возила и нивното пуштање во упо- треба во голема мера ќе ја променат сликата во градот, а ќе се надомести и дефицитот на работ- ници кои ги чистат и метат јавните површини. Со тоа преку зголемувањето на продуктивноста и рационализација на трудот ќе се зголеми ефикасноста на завршените работни задачи. По еден неврзан разговор со наш сограѓанин се изроди една идеја, а веќе и на големо се размислува како истата да се реализира. Во однос на другиот дел од прашањето ќе речам дека веќе сме во план да почнеме со едукативна теренска кампања на одредена целна група во училиштата, а се со цел најмладите наши сограѓани директно да можат да присувствуваат на терен заедно со нашите вработени и во прво лице се уверат во тежината но и важната улога што ја имаат тие во нашето секојдневие. Со тоа планираме да се зголеми свеста за односот кон градот во кој сите живееме уште во раната фаза на нивниот развој, а грижата и зачувувањето на животната средина им биде составен дел од нивното секојдневие и честа тема на разговор.



Новите канти за домаќинства и институции

***МЕТЛАРКИТЕ....Постојните метларки се покажаа како крајно нефункционални, а и трошоците за нивното одржување не го оправдува нивното секојдневно работење. Набавката на новите возила и нивното пуштање во употреба во голема мера ќе ја променат сликата во градот, а ќе се надомести и дефицитот на работници кои ги чистат и метат јавните површини***

**-И зелените површини се значајна ставка во (не)убавото лице на градот. Оттука, како стоиме со зеленилото, парковите по урбаните заедници, нови садници...**

-Ние секојдневно работиме на одржување на постојните паркови, а активно ја спремаме програмата за работа на РЕ Паркови и зеленило за наредната година во која ќе бидат предвидени и нови зелени парковски површини. Во овој момент сме концентрирани на садење на повеќегодишни зимзелени садници бидејќи времето е идеално за тоа и досега имаме засадено нешто повеќе од 300 дрвца и грмушки и преку 1.000 лаванди....

**Линија 2, како течат работите на неа?**

-Тоа е многу важен проект во кој е предвидена и изградба на нови резервоари во Пребег, Мерите и Каваклија. Резервоарот на Пребег веќе се гради, во Суитлакот се прават секундарни линии и приклучоци, а речиси насекаде каде што тоа е неопходно низ градот се изведува реконструкција на водоводни и канализациони мрежи.

Со изградбата на цевководот од населба Балканска до Пребег, за оваа населба како и за Железничка и Три Чешми обезбедено е квалитетно снабдување со вода, со што старите проблеми се надминати.

# Меѓу 200 најголеми компании во Македонија 6 се од Штип

Објавено е истражувањето за најголемите 200 компании во Македонија во областа на стопанството. Анализата укажува на фактот дека во ова одбрано друштво по однос на остварената добивка и по остварениот приход во 2023 година се и шест штипски компании од разни стопански дејности. Истражувањето, како и секоја така и оваа година, го правеше Еуро бизнис центар од Скопје.

На оваа листа на најголемите и најуспешните компании од Штип се: Кит Го, Актива ДОО, Езимит Вино, Оаза екстра скопско, Кондево и Адиент Сеатинг.

**Рангирање според остварената добивка за 2023 година:**

**КИТ ГО** Според ова истражување компанијата Кит Го која е од областа на трговијата (малопродажба) по остварената добивка е на 69 место во Македонија. Добивката на оваа компанија за 2023 година изнесува 259 милиони денари.

**ЕЗИМИТ ВИНО:** Винаријата Езимит вино во текот на 2023 година има остварено добивка во износ од 140 милиони денари и е на 156 место во државата. Оваа компанија е дел од индустријата за производство на вино.

**АКТИВА ДОО:** По остварената добивка оваа компанија која е од металопреработувачката индустрија и градежништвото е на 159 место, а нејзината добивка на крајот од 2023 година изнесува 133 милиони денари.

И тука завршува списокот на компании од Штип кои се меѓу 200 најдобри по остварената добивка.

**Рангирање според остварениот приход за 2023 година:**

**КИТ ГО:** И по овој финансиски сегмент компанијата КИТ ГО е водечка во штипското стопанство. Таа е рангирана на 50 место во државата, а вкупниот нејзин приход изнесува 5.345.479.327 денари.

**АКТИВА ДОО:** Го завзема 91 место во стопанското семејство на Македонија со остварен приход од 3.126.366.254 денари.

**ОАЗА ЕКСТРА СКОПСКО**: Компанијата се бави со трговија на големо и мало со алкохолни и безалкохолни пијалоци (пиво, безалкохолни газирани пијалоци, минерална вода, вино...) и е на 138 место по остварен вкупен приход во 2023 година во износ од 2.084.963.567 денари.

**КОНДЕВО:** Оваа фабрика произведува топлотни раменувачи на бојлери со кои снабдува најголеми дел од светските производувачи на бојлери. По остварен приход за 2023 година таа е на 171 место со остварен вкупен приход од 1.717.905.487 денари.

**АДИЕНТ СЕАТИНГ:** Компанијата која има најголем број вработени во Штип (1.400) и произведува навлаки за автомобилски седишта е рангирана на 179 место по остварен вкупен приход во државата од 1.633.437.944 денари. Оваа компанија ја нема меѓу 200 компании со остварена најголема добивка.



**Еве како стои регионот:**

Во Источниот плански регион по остварената добивка најдобро стои рудникот „Саса“ кој е на 9 место во државата со остварена добивка од 1.279.867.422 денари. Рудникот Боров Дол е на 34 место со добивка од 526 милиони денари, фабриката за акумулатори Таб Мак во Пробиштип е рангирана на 36 место со добивка од 513 милиони денари, кочански Амфенол технолоџи Македонија е на 50 позиција со добивка од 365 милиони денари, на 51 место е рудникот Бучим со добивка од 355 милиони денари, бугарската компанија Булмак која ги има рудниците Злетово и Тораница искажала добивка од 148 милиони денари, винички Макпрогрес познат по слатките производи „Винчини“ е на 162 позиција со добивка од 130 милиони денари Нова Рефрактори-Пехчево е на 180 позиција со добивка од 118 милиони денари.

# Македонија е веќе земја на старци



**➲ На Универзитетот „Гоце Делчев“ е реализирано истражување на тема младите, миграциите и образованието. За состојбите на овој план разговараме со проф.д-р Страшко Стојановски, раководител на проектот**

**Ја промовиравте книгата „Млади, миграции и образование“ како проект на Фондацијата за развој на локалната заедница Штип. Сметате ли дека ова прашање е едно од петте најважни за иднината на Македонија кога веќе сте се одлучиле да потрошите време, енергија, истражување и знаење за него?**

Се работи за публикација која е резултат на научно-истражувачки проекти, кои заедно со колегите м-р Ана Панева и м-р Кристијан Панев, во последната декада ги реализиравме на Правниот факултет при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Издавач на ова дело е Фондацијата за развој на локалната заедница - Штип. Што се однесува за важноста и приоретизацијата на проблемот на самото истражување, сметам дека се работи за најгорливите прашања во Македонија, а тоа е демографскиот потенцијал и образовните политики, кои се од есенцијална важност за иднината на државата.

**Кои се најважните пораки кои до јавноста, а пред се до оние мкои раководат со државата ги испраќа Вашите сознанија на оваа горлива тема?**

Во делот на препораките кои произлегуваат од истражувањето ние се фокусираме за две теми кои се важни за младите, а тоа се миграциите и образованието. Следствено истите ги тангираат државните стратегии за млади и високо образование. За делот кој се однесува на младите и миграциите нужно мора да се развијат соодветни методологии и да се реализираат подлабоки истражувања. За оваа цел, државата мора да ја поддржи научно-истражувачката работа со финансирање на т.н. фундаментални проекти кои се подолгорочни и траат до цела декада. Потребно е да се искористат сите научно-истражувачки потенцијали со вклучување на истражувачките и статистички центри, универзитетите, МАНУ и поширокиот граѓански сектор. Сето ова е потребно за да се дојде до релевантни податоци за динамиката и карактерот на миграциите. Само за илустрација колку имаме недостаток за кредибилни податоци се бројот на иселени од државата, според државниот завод за статистика од 90-тите години од минатиот век до 2013 година од Македонија се иселиле околу 20 до 30 илјади граѓани, додека за истиот период Светската банка проектира дека се иселени до 650 000 граѓани. Ќе се согласите дека отстапувањата се преголеми. Понатаму, потребно е да се направи мапирање на миграциите според регионите од кои се иселуваат, категориите, компетенциите, но и регионите во кои македонските граѓани заминуваат. Сето ова е потребно со финална цел да се лоцираат проблемите поврзани со изгледите дел од граѓаните повторно да се вратат. Во делот на структурните реформи, нужно е да се спроведе суштинска децентрализација со зајакнување на капацитетите на општините, како директна врска со граѓаните. Ова подразбира фискална децентрализација со зголемување на повратот на ДДВ за општините, од сегашните 6 % на најмалку 20 %, со интенција да се зголемува најмалку до една третина. Дополнително, да се отворат прашањата за децентрализација на министерствата и дел од институциите на централната власт на државата. Зошто Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство е во Скопје, а не во Струмица? Зошто да нема по едно министерство во Штип, Кочани, Тетово, Гостивар или Битола?! Вакви пракси постојат во дел од земјите членки на ЕУ. Понатаму, исклучително важно е младите да бидат вклучени во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, не само симболички, туку суштински и не само за прашањата кои директно ги засегаат, туку за сите прашања. И на крајот, превземање на мерки и креирање на политики за зајакнување на традиционалните семејни вредности. Последната препорака произлегува од резултатите на самите истражувања, кои зборуваат дека единствениот фактор кој младите кои веќе мигрирале, ги врзува со Македонија, е токму семејството.

Во делот на образовните политики се фокусиравме на високото образование. Во последните декади се покренаа многу прашања околу квалитетот на високото образование, оправданоста на дисперзираниот концепт, карактерот на образовните профили и усогласеноста со потребите на пазарот и слично. Во делот на квалитетот на високото образование, од резултатите и анализите на податоците дојдовме до сознанија дека падот на квалитетот не е со дисперзираниот концепт, туку истиот се случува на УКИМ во првите години од воведувањето на ЕКТС. Ова многу јасно е воочливо преку статистички индикатори за бројот на запишани и дипломирани студенти и степенот на проодност. Во делот на препораките неопходно е фокусот да се стави не на бројот на универзитети и факултети, според кои не сме на врвот на ниво на земјите од регионот, туку на студиските програми. Понатаму, можеби треба да се преиспитаат одредени политики и најмалку регулираните професии да се ограничат само на државните универзитети. Да се поддржат научно-истаражувачките активности на универзитетите и институтите. Во овој дел треба да бидеме самокритични и да согредаме дека во делот на индексација на научните списанија од Македонија во кредибилните светски бази

значително заостануваме. Како илустрација, во 2024 година во базата SCOPUS од Србија се регистрирани 100 списанија, од Словенија речиси 100, од Хрватска 163, а од Македонија само 8 списанија. Од овие 8, 3 се на УГД, едно на МАНУ и едно на УКИМ. Притоа, најдоброто научно списание во Македонија е списанието BSSR на Правниот факултет при УГД. Зошто најстариот универзитет во државата има само едно списание, и зошто ги нема останатите универзитети во државата? Универзитетите да ја преобмислат својата политика и да работат проактивно на соработка со бизнис заедницата, акомодирајќи се на потребите на пазарот. Задолжително, македонските универзитети да работат на интернационализација на студиските програми, а соодветните институции како што се МВР и МНР да се вклучат со цел олеснување на процесот за обезбедување на соодветните дозволи за претстој на студенти кои доаѓаат од други земји. На крајот, државата мора да превземе соодветни мерки во делот на перманентните, суптилни, но агресивни кампањи, кои други држави ги превземаат со цел да привлечан младо население од Македонија. Свесни сме за либерализацијата на високообразовниот простор, но за илустрација, недопустливо е државни универзитети од Словенија на овој начин да си ја пополнуваат сопствената демографска слабост.

**И порано како професор по социологија сте имале вакво истражување, која е разликата помеѓу сознанијата од претходното и сегашното истражување?**

Публикацијата се однесува на серија на истражувања реализирани во последните десет години. Оттука, резултатите имаат лонгитудинален карактер. Поточно, ние можеме да забележиме одредени трендови и динамика на резултатите добиени од анкетните истражувања и анализата на статистички податоци. Она што можеме низ перцепциите на младите да го воочиме е трендот на намалување на желбата за мигрирање од источните региони на државата, од речиси 78 % во 2014 година, на 58 % во 2022 година. Но од друга страна, имаме зголемување на желбата за студирање надвор од државата од 13 % во 2018 на 22 % во 2023 година. Лоциравме дека интересот за техничките факултети, пред се информатика, рапидно е зголемен за период од 5 години од 7 % во 2018, на 17 % во 2023 година. Или пак, дојдовме до заклучок дека дисперзијата на високото образование како концепт, во голем обем ја намалува можноста за внатрешна миграција, од помалите градови кон Скопје и сл. Имаме премногу податоци, за жал во овој дел не можеме да ги посочиме сите.

**Прашање над сите прашања е зошто младите од Македонија ја напуштаат, или барем планираат да ја напуштат татковината своја?**

Примарните мотиви се поврзуваат со социоекономскиот статус на младите и проблемите поврзани со ниските примања и економијата генерално. Дополнително, политизацијата се наметнува како втор по значење фактор. Во случајот, истата, не проектира стабилност, го корумпира системот, креира перманентни кризи и несигурност, а ова создава недостаток од перспективи за градење на иднината во Македонија.

**Зошто во истражувањето покрај за младите и миграциите го додадовте и образованието?**

Миграцијата се однесува на сите категории на млади и тука подеднакво се засегнати и високообразовните кадри, но и оние профили кои се со средна стручна спрема. За илустрација, од истражувањата од 2023 година, постои можност, за краток временски период, еден од четворица средношколци кои нема да го продолжат образованието на некој од универзитетите, да ја напушти државата. Исто така, постои тенденција за зголемување на миграциските фактори поврзани со продолжувањето на образованието надвор од земјата. По оваа основа, повеќе од 20 % од вкупниот број млади луѓе од регионите кои биле предмет на истражувањето би можеле да ја напуштат земјата. Во апсолутни бројки, потенцијално, само од последната генерација матуранти, од нешто над 3500 пријавени за државна матура, земјава би можеле да ја напуштат околу 900 млади од источните и централните региони на Македонија.

**Во некој контекст го отворате и прашањето за демографијата и миграцијата на младите...**

Демографските показатели се поразителни. Истите ги следат трендовите кои се присутни во речиси сите земји во регионот на Југоисточна Европа. Во источните и централните региони негативните трендови се присутни повеќе од две декади, но сега и генералната слика на државата се вклопува во ваквата слика. Доколку за проста  репродукција природниот прираст на населението би требало да изнесува околу 2,2, во Македонија тоа е повеќе од -2. Во регионите кои се примарен интерес на нашите истражувања ситуацијата е уште полоша. Ако на ова се вкалкулира изразената внатрешна и надворешна миграција ситуаци- јата е повеќе од алармантна.

**Дали, според вашето истражување, во некое догледно време Македонија ќе стане земја на старци,или има некоја надеж тоа да не биде така...**

Тоа веќе е случај! Кога државата, независно од средствата собрани во пензиските фондови, пополнува празнина еднаква на собраните средства, тоа зборува се. Иднината е неизвесна, дотолку повеќе што не гледам конкретни одржливи мерки и политики кои се превземаат. На крајот од денот, се зависи од јакнењето на македонската економија и стандардот на граѓаните. Последното, можеби во перспектива е достиж- но, но се плашам да не се случи предоцна. Во секој случај, како и дел од државите од регионот, мораме паралелно да градиме стратегии за привлекување на жители кои потекнуваат од други земји.

**Оценка е дека миграцијата посебно ги погодува најсиормашните делови од државата, согласно тоа како стојат нештата во нашиот регион?**

Малите места се најмногу погодени. Особено руралните места и помалите градови. Во регионот, постојат и мали места со компаративна предност поради локацијата на одредени индустриски и рудни капацитети, но и тоа е со лимитиран капацитет. Штип е подеднакво засегнат од миграции, но можеби истото е помалку воочливо, бидејќи градот е исто така и дестинација на граѓани кои од помалите места се населуваат во истиот, или поради фактот дека е регионален индустриски, административен и образовен центар.

# СОУ „Коле Нехтенин“ прераснува во регионален државен центар за стручно образование

Отекот на овој месец во посета на СОУ „Коле Нехтенин“ беше министерката за образование Весна Јаневска. Меѓу другото, таа за медиумите ја соопшти веста дека ЕМУЦ, од општинско ќе се трансформира во државно училиште како регионален центар за стручно образование и обука. Оваа информација ни беше повод за тразговор со Јованка Шалева, директорка на СОУ „Коле Нехтенин“.

-Во изминатиот период работевме на подобрување на воспитно-образовниот процес, создавање квалитетен кадар на пазарот на трудот, како и стекнување добра основа на учениците кои во иднина планираат да го продолжат своето образование. Како резултат на тоа, нашето училиште има најголем број на запишани ученици, не само во Општината туку и во нашиот регион. Во нашето училиште се запишуваат ученици од сите општини во регионот, зашто тие најдобро ги препознаа нашите вредности, вели Шалева.




Во рамките на трите струки:Електротехничка, Машинска и Угостителско-туристичка се изучуваат единаесет профили. **Електротехничка струка:** Електротехничар енергетичар; електротехничар за електроника и телекомуникации; електротехничар за компјутерска техника и авоматика. **Машинска струка: м**ашински техничар за компјутерско управување; машински техничар;машински техничар за моторни возила; машински енергетски техничар; машински механичар и кон- струкциски механичар. **Угостителско - туристичка струка; г**отвач-келнер. Сите струки и профили се атрактивни и има голем интерес кај учениците за запишување во истите.

-На почетокот на учебната година за учениците од прва година се спроведува анкета при што се бара нивното мислење за првите впечатоци за училиштето. Анкета се прави и во четврта година кога исто така од нив се бара мислење за училиштето по изминатите четири години. Исказите на учениците покажуваат дека тие се сигурни во изборот што го направиле. Некои од нив уште за време на средното образование се опеределуваат да работат во компаниите каде се реализира практична настава и по завршувањето на училиштето остануваат да работат во истите, појаснува Шалева и додава дека дел се запишуваат на соодветните технички факултети или на други факултети.



Јованка Шалева

Според нашата соговорничка соработката со локалната власт е од големо значење за училиштето. Во изминатиот период Општината издвои средства кои рационално беа искористени за подобрување на условите за работа во училиштето и набавка на опрема за реализација на прак- тичната настава во рамките на трите струки.

Наставниот кадар (59 наставника) е поделен по активи; електротехнички, машински, природно-математички, општообразовен и угостителско-туристички.

Најмладите наставници по старост се некаде помеѓу 25-30 години, а највозрасните на неколку месеци пред пензионирање. Може да се каже дека станува збор за релативно млад колектив.

Училиштето има склучено голем број меморандуми за соработка со повеќе компании во Штип и Регионот. Учениците ги поврзуваат стекнатите теоретски знаења со практични во рамките на реализација на практичната настава, предметот учење преку работа кај работодавач и феријална (летна) практична настава. „Ние како училиште сме задоволни од соработката со компаниите, а интересот е заеднички“, оценува Шалева.

СОУ„Коле Нехтенин“ е развојно-ориентирано училиште и е вклучено во многу натпревари, настани, активности и сл. на општинско, регионално и државно ниво. Секоја година во организација на Здружението на средни стручни училишта(ЗЕМСУ) се одржуваат најпрво регионални, а потоа и државни натпревари на кои учениците редовно освојуваат награди и вискои признанија.

-Ние бевме и домаќини на Регионални средби на средни стручни училишта, на отворање на натпреварите од Првата Лего лига, на Гастромак (национална агенција на готвачи) и сл. Учествуваме редовно и во Еразмус плус проекти, вели директорката Јованка Шалева. Ова средно општинско училиште годинава имаше чест да биде избрано како едно од вкупно 25 пилот училишта на ниво на државата и е дел од голем меѓународен проект „Квалитетно образование за сите“.

# Мовембар еволуира во акција која си го зазема своето место во нашето општество

**_Десет години ПЗУ „Прим. д-р Самарџиски“ го подржува движењето Мовембар во чија суштина е машкото здравје_**




Учесници во дебатата

Движењето МОВЕМБАР и неговите вредности беше прифатено од ПЗУ „Прим. Д-р Самарџиски“ уште пред речиси десет години, бидејќи сметавме дека вредностите кои ги шири оваа акција се и те како потребни да бидат внесени во нашето општество. Иако започнавме скромно, набргу нашата порака беше препознаена и во акцијата се вклучи и Ротари клуб – Штип со чија помош веќе неколку години ја спроведуваме акцијата.

Оваа година, под мотото **„Не мисли, испитај се!“** со гордост можеме да кажеме дека Мовембар еволуираше во акција која полека но сигурно си го зазема своето место во нашето општество и со сјајот кој го заслужува. Како организатори, се вклучија и Општина Штип, Клиничка Болница - Штип како и Дом на млади. Покрај нив имавме и многу поддржувачи на акцијата помеѓу кои беа Фондацијата за развој на локалната заедница, USAaid, мото клубот Soulriders, НУЦК „Ацо Шопов“-Штип, Ротари клуб -Штип, студентската организација „СОМА“, како и општествено одговорните компании ЕАМ, Иле мобилара и Хотел Изгрев.




Д-р Борислав Манев

Со нивната помош успеавме да организираме мултидисциплинарна панел дискусија која ја модерираше Д-р. Борислав Манев – специјалист кардиолог, а учествуваа и Д-р Владко Захариев – специјалист неврохирург и директор на Клиничка Болница – Штип, Д-р Александар Нечев – специјалист уролог, Д-р Благој Здравев – специјалист уролог, Д-р Мануела Манева Ристова – специјалист по клиничка биохемија и Весна Трајковска – психолог, психотерапевт.

На оваа панел дискусија присутните можеа да се запознаат со детали за дијагностиката, евалуацијата и третманот на болестите на простата, предностите во раното откривање на ракот на простата, лабораториската дијагностика на заболувањата на простата, како и за психолошките предизвици со машкото ментално здравје. На овој начин понудивме сеопфатни информации и знаења кои веруваме дека ќе ја подобрат грижата за здравјето на нашите сограѓани.

Студентите од здружението СОМА одржаа работилница, а мото клубот – Soulriders имаше мото-парада низ нашиот град во знак за подигнување на свеста за важноста на машкото здравје. На крајот Dj Славе беше задолжен за забавниот дел.

„Оваа година поделивме 300 ваучери, со кои нашите сограѓани бесплатно можат да направат ПСА тест во нашата лабораторија и сакаме да потенцираме дека до моментот на пишувањето на овој текст, веќе извршивме околу 130 испитувања. Ваучерите се со важност до крајот на годината така што очекуваме овој број да се зголеми“, посочува д-р Борислав Манев од ПЗУ „Прим.д-р Самарџиски“.

Преку движењето МОВЕМБАР, месецот Ноември го посветивме на машкото здравје преку едукација на мажите за важноста на грижата за своето физичко и ментално здравје. Здравјето не е само лична одговорност, туку и поддршка за најблиските. Редовните прегледи и лабораториски тестови можат да направат огромна разлика – од откривање на срцеви заболувања до рана дијагноза на рак на простата.

ПЗУ „Прим. Д-р Самарџиски“ останува посветена на мотото **„Ние, вие и здравјето“** како и во едуцирањето на нашите пациенти и сограѓани, постојано истакнувајќи ја важноста на раната и навремена дијагностика за подобро и поефикасно справување со болестите. Да потсетиме дека секој чекор кон грижа за себе е чекор кон подолг и поквалитетен живот. Ги охрабруваме сите мажи да најдат барем малку време за своето здравје и да преземат проактивен пристап кон превенција.

За крај, би сакале да им ги честитаме Новогодишните и Божиќните празници на сите наши сограѓани и да им посакаме среќа и добро здравје во годината што доаѓа, порачаа од ПЗУ „Прим.д-р Самарџиски“.





# Градот наш силно светнал во милион бои

Штип предновогодишно не е истиот град. Најмалку е како и секој друг наш град. Штип во очи на Новата 2025 година е посебен, преубав, шармантен, привлечен...За штипјани и за голем број дојденци од страна да видат и разберат како треба, во очи на Новата година и на Божиќните празници да изгледа еден вистински урбан центар кој има Универзитет, кој е силен образовен, стопански, културен, спортски, медиумски и секаков друг центар.

Локалната власт на чело со младиот градоначалник Иван Јорданов ни донесоа една нова, празнична визура на градот каква што до сега не сме ја имале. А, веројатно, не сме ја ниту замислувале!

***Секоја чест.***

Но, зошто зборови, изречени и напишани, кога една слика, сама по себе и сама со себе носи милион пораки. На овие две страници ви го претставуваме Градот во неговото ново празнично руво, во сета негова раскошна илуминација.

Гледајте и уживајте но најмногу од се одете, ако веќе таму не сте биле, на плоштадот „Слобода“, на пешачката улица, долж кејот на Отиња се до легендарното Ново Село...

За се што тука пишуваме само ќе ви се каже.

***Среќни празници.***

























Амбиент како од соништата

# На штипјанката Јована Гуњова и е врачена Пресерновата награда за уметност

На штипјанката Јована Гуњова, на 2 декември, во Љубљана, Словенија, свечено и беше врачена Прешерновата награда за уметност. Оваа награда на Гуњова и ја додели нејзиниот Факултет по природни науки и инженерство оддел за текстил, графичка уметност и дизајн. Факултетот на кој Јована е втора година на мастер студии е во состав на Љубљанскиот универзитет на кој студираат и млади од многу европски држави, па оттука признанието кое го доби младата штипјанка уште повеќе добива на тежина.

Прешерновата награда го носи името на најпознатито словенечки поет Франце Прешерн, а се доделува по повод 3 декември, денот на неговото раѓање.

-Наградата ми е доделена за колекцијата на облека Метаморфозис која е мое дипломско дело. Наградата ми ја врачи деканот на факултето, а мојата менторка го најави моето дело и имаше напишано неколку страни за мене и моите достигнувања. Наградата се состои од диплома, моето дело е отпечатено, а на првта страна пишува дека е прешернов успех. Покрај дипломата добив и медаљон како и парична награда, ни рече инспиративната Гуњова.

За високото признание за уметност во Словенија била предложена од личноста која најмногу ја познавала.

-Да, имав огромна чест да бидам номиниран за престижната Прешернова награда, од страна на мојата менторка, професорката Елена Фајт која веруваше во мојата работа и првично ја предложи на комисијата на факултетот, која подоцна ја одобри номинацијата. За номинација е потребно дипломското дело да биде оценето со највисока оцена како и презентацијата на истот. Покрај тоа кандидатите мора да одржуваат исклучително високи академски перформанси, со просек од најмалку 8,5 во текот на три годишните студии. Помислата да бидам препознаена на толку важна уметничка сцена во Словенија како странски студент е нешто што никогаш не би го замислила кога прврпат почнав со моите студии, коментира Јована за Штипски Глас.







Инаку, нашиот весник пред два броја објави поголемо интервју со Јована Гуњова во време и услови кога таа беше номинирана за високата награда за уметност која се доделува во Словенија.



# Диктатура на политичките партии во Македонија: Илузијата на демократијата



**Пишува:**
**м-р Игор Стојанов**

Во современа Македонија, демократијата е термин што често го спменуваме, но дали навистина го живееме? Демократијата подразбира владеење на народот, слободен избор и независност на институциите. Реалноста, сепак, ни покажува дека сме далеку од овој идеал. Во Македонија, политичките партии не само што доминираат во нашите животи, туку имаат огромно влијание врз сите аспекти на општеството – од индивидуалната професио- нална кариера до функционирањето на јавните институции. Оваа ситуација наликува на диктатура, но таа диктатура е озаконета и прикриена буквално со членови во законите.

**Дефиницијата за диктатура во македонски контекст**

Ако една политичка партија има реална моќ да влијае на професионалната кариера на луѓето – лекари, професори, полицајци или пожарникари – тоа е по дефиниција диктатура. Во Македонија, ова влијание не е само теоретско; тоа е реалност. Системот е така поставен што одлуките за именувања и вработувања во државните институции зависат од „подобноста“ на кандидатот во очите на партијата на власт. Ова создава целосно подредување на личните и професионалните амбиции на партиските интереси. Партиските луѓе и де факто имаат одлучувачка моќ, од нивниот потпис зависи дали одреден човек ќе биде професионалец или не.

Замислете ја ситуацијата со изборот на директор на болница во некое мало место како Берово. Не одлучуваат експертите, не се анализираат квалитетите и резултатите на кандидатите. Последниот збор по закон го има министерот, кој е партиски именуван (имајте на ум тој човек не е директно избран ниту на избори), а неговиот избор зависи од препораките на локалниот партиски огранок. Оваа логика се пресликува низ целиот државен систем, од школството до полицијата, од здравството до јавната администрација.

**Живееме ли во рециклиран комунизам?**

Многумина носталгично зборуваат за времето на комунизмот и Југославија, кога една партија ја имала апсолутната контрола врз сите аспекти на животот. Сепак, ако го анализираме современиот македонски систем, ќе видиме дека тој не е многу различен. Да, приватниот сектор е ослободен од ваквиот партиски диктат, но државните институции функционираат речиси идентично како во времето на еднопартискиот систем. И денес, како и тогаш, партиската подобност е клучен фактор за успех или напредување. И денес партијата може да ве вивне високо на професионалната скала или да ви го загорчи животот, независно колку сте квалификувани или сте го посветиле животот на тоа да бидете добар професионалец.

**Нормализација на диктатурата**

Проблемот е што оваа практика станува прифатлива за мнозинството. Луѓето се навикнати да „прашуваат во партијата“ за работа, напредок или други привилегии. Наместо да се бунтуваме против ваквиот систем, ние го прифаќаме како нормален дел од животот. На овој начин, диктатурата на партиите станува институционализирана и само се репродуцира, без разлика кој е на власт.

**Решението е во големата лага**

Големата лага која се пласира скоро 40 години е дека ако ја промениме партијата на власт, ќе се промени нешто, дека ако дојде подобар човек, по праведен по морален дека ќе нема партизација, дека само ако биде некој добар политичар се ќе се промени. И политичарите буквално лажат дека ако ги изберете нив тие ќе бидат по домаќини, подобри и помалку криминални. Воопшто не е точно. Системот останува ист, законот останува ист, а тој е дека решението за директор на градинка го потпишува градоначалникот и без негов потпис нема директор, а решението за директор на болница го потпишува министерот и без негов потпис нема директор. Тие директно и бесрамно се мешаат во професионалната работа на институциите иако не знаат ни како работат тие институции ниту пак имаат капацитет да проценат кој би бил најдобар директор. Замислете министерот „аминува“ директор во некоја институција која не знае ни каде се наоѓа. Затоа треба да се бориме за партија или политика која е спремна да си ја одземе оваа моќ и да ја додели на народот. Директор треба да бира институцијата како што бира секоја друга компанија, и да не бара „амин“ од ниту еден политичар или партиски полтрон. Демократијата значи дека ние граѓаните без „помош“ од градоначалникот знаеме кој ќе биде најдобар директор во болницата, а тоа ќе го кажат лекарите и пациентите. Демократија значи дека ние граѓаните знаеме кој ќе биде најдобар директор на училиштето во кое ни одат децата, а тоа ќе го кажат наставниците, учениците и родителите. Оти на крајот на денот граѓаните страдаат или имаат бенефит од директорот, а не градоначалникот или министерот, тие само слушаат партиски наредби.

Е само прашањето е дали ние граѓаните сакаме демократија или диктатура?



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ВЕСЕЛИНОВИ ГО ЧЕКААТ ДЕДО МРАЗ

***(Фрагмент од истоимената пиеса чија инсценација премиерно ќе биде изведена на 22.12. '24 год. (недела) во рамките на Новогодишна програма, во организација на Општина Штип)***

„Драги мамо и тато, годинава повторно не сме во можности да ве посетиме за Новата година. Се надевам ќе имате разбирање за нашата одлука. Овде кај нас се зборува, а се објавува и по сите медиуми, дека во Нашава родина, годинава нема да пристигне Дедо Мраз. Знаеш мамо, а и ти тато, каква радост претставува Дедо Мраз за децата. Како да ги одведиме во земја каде Дедо Мраз нема да пристигне? Тие се убедени и знаат дека Дедо Мраз ги посетува само добрите и послушните. Не смееме на децата да им кажеме дека вие мамо и тато, како што и целиот наш народ, не сте послушни, не сте добри, па, поради тоа нема да ви дојде Дедо Мраз.

Како и да е, драги наши родители, ние имаме новогодишен поклон за вас. Ви го испраќаме прасенцето-касичка. Отворете го . Во него е годинашната заштедата на вашите внуци. Колку толку, со парите, ќе покриете некои долгови. Ако, не за друго, сигурно ќе има за килограм-две, сода бикарбона. Купете сода бикарбона,па, тато нека ждрига како од прејаденост. Нека ждрига силно колку да можат да го слушнат не само комшиите, туку и цела Европа. Зарем ова, мамо и тато, не е за „океј". Ајде кажете „океј" и така ставете точка на честитката!"

Откако Весела Веселинова, посесивната мајка, ќе ја прочита честитката од синот и снаата, со двете внучиња, кои веќе со години живеат и работат во странство, го вика нејзиниот маж Веселко Веселинов, заедно да кажат „океј".

Веселко никако да прифати над честитката, на сет глас, да вика „океј". На обвинувањата на Весела дека нема срце, па, поради тоа не се радува на дарот од децата, прасенцето касичка, и возвраќа: „ Колку само бргу ја фатија англиската и американската навика. Тие целиот свет го тераат да кажува океј. А работава за океј, ич не е. Само жртвите на медиумската пропаганда го прифаќаат се' она што ќе им се сервира. Одобруваат, одобруваат, само одобруваат, повторувајќи го идиотското: „океј". Е, кај мене, драга моја Веселко, нема „океј". Јас на честитката на нашите деца одговарам не со „океј", туку со писмо".
„Зарем си напишал писмо до децата без јас, своерачно, да им напишам дека ги сакам?"

„Напишав писмо, ама не до децата, туку до Дедо Мраз"

„Господи –Боже, на твои години да пишуваш писмо до Дедо Мраз?"

„На мои, ами на кои."

„И ти мислиш дека ќе ти ги исполни желбите."

„Не му напишав кои ми се желбите, туку кои сме.

„Ауу горам од желба да видам кои сме."

„Дедо Мраз, прими многу поздрави. За разлика од другите, јас, верувам, ако не годинава, некоја година ќе дојдете. Ќе не посетите и тогаш самите ќе се уверите дека целиот живот се трудиме да бидеме добри, послушни, услужливи, одговорни работници, покорни гласачи, соседи какви што нема никаде, смачкани како народ, ама жилави и одлучни да истраиме во секоја животна ситуација.

Уште не го беше дочитал писмото кога откај радиото дојде веста дека на Дедо Мраз му се губи трагата во некои од светските воените жаришта.

„И сега што правиме, ем не викнавме „океј", ем Дедо Мраз не ќе го добие твоето писмо?" - Праша обесхрабрената и очајна Весела Веселинова.

„Медиумиии!" – Извика Веселко Веселинов и го искина писмото на ситни ливчиња.

А кога ливчињата се разлетаа и заличија на снегулки, како во станот на Веселинови да се врати времето во кое не требаа писма кои тврдеа дека сме како сиот нормален свет и дека ја заслужуваме посетата на Дедо Мраз.



Пишува:
Роберт Аџипетров

# Улогата на наставникот во современото општество

Наставникот како личност односно професија често е поистоветена со фигура која пренесува знаење од учебниците на учениците. Во современото општество, оваа улога е значително проширена, надминувајќи ги границите на традиционалното учење. Живееме во дигитална ера која е брза и динамична, а наставникот во овие услови ја има улогата на ментор, инспиратор, поддржувач, а често и е втора родителска фигура за учениците. Но дали општеството навистина ја цени и поддржува оваа професија?

Наставниците не само што пренесуваат академско знаење, туку и ги обликуваат моралните и етичките вредности кај младите. Во време кога дезинформациите се широко достапни, а дигиталните медиуми доминираат во животите на учениците, наставникот станува клучен филтер за критичко размислување. Тој не само што ги учи децата како да решаваат математички задачи, туку и како да анализираат, прашуваат и носат информирани одлуки. Денешните ученици се соочуваат со бројни предизвици – од академскиот притисок како директна последица на воспитно-образовниот систем, па до прашања поврзани со менталното здравје и социјалниот притисок, кои за жал се сè повеќе присутни во училиштата. Наставниците се тие кои најчесто први ги забележуваат почетните знаци на стрес или анксиозност кај учениците. Тие се таму да понудат поддршка, охрабрување и водство, со што ги надминуваат границите на нивната професионална обврска.

Работата со идните генерации го прави наставникот „архитект на иднината". Впрочем секое дете што минува низ училницата има потенцијал да стане доктор, инженер, уметник, лидер, а многу од нас се сеќаваат дека токму наставниците биле првите кои верувале во нашите способности и ни помогнале истите да ги реализираме. Преку ова се покажува догорочниот ефект кој наставниците го имаат врз општеството, но прашањето е колку општество е свесно за истото?

Иако нивната улога е незаменлива, наставниците често се потценети, а професијата недоволно вреднувана. Малите плати, големата административна работа, недостигот на ресурси и соочувањето со генерации ученици кои растат со поинакви приоритети се само дел од предизвиците. Дополнително, дигитализацијата бара од нив да се прилагодат на нови методи на предавање, што бара постојана обука и личен развој. Наведеното сериозно ја девалвира професијата, што влијае на тоа да идните генерации истата ја избегнуваат. Како резултат на ова, денес е речиси невозможно да се обезбеди соодветен наставен кадар по математика, физика, хемија или биологија, а прашање е на време кога ова ќе биде реалност и за останатите наставни области. Наведеното не води кон заклучок дека „архитектите на иднината" полека исчезнуваат, што несомнено не води на патот кон тотален колапс. Како општеството може да ги поддржи наставниците? Подобро финансирање на образованието е решението, но истото само по себе не значи само обезбедување на подобри плати, туку и обезбедување на соодветни услови, помагала како и континуирана обука и професионален развој со што ќе се овозможи наставниците да се фокусираат на нивната примарна задача – едукација.

**Работата со идните генерации го прави наставникот „архитект на иднината". Впрочем секое дете што минува низ училницата има потенцијал да стане доктор, инженер, уметник, лидер, а многу од нас се сеќаваат дека токму наставниците биле првите кои верувале во нашите способности и ни помогнале истите да ги реализираме.**

Во оваа насока вредно за поздравување е најавеното покачување на платите на наставниците во нашата држава. Согласно најавеното, наставниците во месец октомври веќе добија повисоки плати за 5%, а договорот вели дека во следните четири години покачувањето ќе достигне речиси 50% споредено со она што денес го земаат. Воспитно-образовниот систем како и секој друг систем е синџир на активности, па така поголеми плати значат поголема мотивираност, но не и поголемо знаење. Динамичното време значи дека промените постојано се случуваат, па од таа причина неопходен е и пристап до современи обуки. Обуките за користење на дигиталните средства и технологии пак сами по себе не значат ништо доколку училиштата не бидат опремени со адекватните технологии, но и доколку ги немаат елементарните услови за одржлив развој.

Ова не води кон заклучок дека за да создадеме успешна приказна, потребно е да вложиме во креирање на добри „архитекти" кои ќе работат во систем каде секоја алка ќе ја добие поддршката на општеството. На тој начин ќе ја вратиме вредноста на професијата наставник, а подобра иднина е можна само доколку инвестираме во оние кои инвестираат во нашите деца, учејќи ги како да ја изградат таа иднина.

**(Авторот е в.д. директор на Педагошка служба)**

# Библиотекари од штипската библиотека остваруваат соработка со Националната библиотека од Виена

Во месец јули годинава, во Виена, претставниците од НУ-УБ „Гоце Делчев“ - Штип остварија средба со стручен кадар од Националната библиотека во Виена (Österreichische Nationalbibliothek). Во областа на библиотекарството, меѓународните средби претставуваат голема можност да се разменат искуства, да се запознаат нови соработници и да се дадат предлози за позитивната работа во иднина, но исто така придонесува и за професионален развој на библиотечниот персонал.

Како централна академска библиотека на Република Австрија, Австриската национална библиотека, богата со традиција, основана е во 14 век. Во своите осум одделенија, наследник на Хабсбуршката дворска библиотека, конзервира значаен дел од светското документарно наследство.



Работата на библиотеката НУ-УБ „Гоце Делчев“ беше претставена од страна на „виш библиотекар м-р Јована Рилак и советник за информатички работи Драган Ѓоргиев.



„Со задоволство пред присутните колеги за прв пат го претставивме развојот на библиотекарството во Штип, историјата на градот, како и резултатите од работата на подвижната библиотека Инфобус, која функционира во склоп на НУ-УБ „Гоце Делчев“ , повеќе од 22 години“, изјавија за Штипски Глас библиотекарите



Рилак и Ѓоргиев.

Тие посочија дека имале чест да бидат детално спроведени низ Националната библиотека во Виена, од страна на м-р Christa Muller, раководител на сектор за развој и преработка на колекции. Најголемата европска барокна сала, изградена помеѓу 1723 и 1726 година според плановите на Јохан Бернхард Фишер фон



Ерлах, се смета за една од највпечатливите библиотеки во светот, содржи над 200.000 историски книги на богато украсени дрвени полици и редовно се користи за специјални изложби.

Во рамките на проектот на нашите жители овозможивме бесплатен курс по германски јазик А1.1 ниво, во две категории (за деца и возрасни). Од месецот октомври до декември се одржани 40 часа, за заинтересираните курсисти.

Како завршниот дел од проектот е планирано настан „Македонско – Австриската вечер“, со дегустација на македонско - австриската традиционална кујна и изложба на литература на австриски автори застапени во фондот на библиотеката.

# Истражена могила на Беш Тепе која била ограбена но прашањето е кога

Археолозите од националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и музеј Штип ги завршија истражувањата на втората од вкупно петте могили во атарот на село Радање во општина Карбинци. Се работи за атрактивни могили (ридови) за кои постојат први пишани податоцие од бугарскиот археолог Иван Вендеиков кој во периодот 1942-1943 година активно истражувал на територијата на денешна Општина Карбинци.



Водители на проектот се д-р Митко Штерјов од штипскиот музеј и Бане Секулов, археолог од музејот Струмица.

-Вендиков ја има откриено и истражено првата могила, втората ја истраживме ние од Музејот Штип, една могила низ времето е уништена, а уште две остануваат за истражување. Беш Тепе значи пет ридови, вели д-р Штерјов.



Истражувањата се одвиваа на могила четири која е поставена најцентрално од сите пет. Оваа камена конструкција, според Штерјов, била посебна по тоа што од површината на теренот кон врвот на конструкцијата имало четири камени скали. На нејзиниот врв имало простор направен од камен каде се оставале дарови, храна и пиење за душата на покојниот.



-Веднаш под местото за полагање дарови откриени се два гроба со кремирани покојници со гробни дарови, а во еден од нив имало монета која овие погребувања ги датиро од крајот на вториот или на самиот почеток на третиот век од нашата ера, појаснува д-р Штерјов.

Она што е од посебно значење е фактот дека овој гроб бил ограбен, а неприсуството на никакви материјални остатоци во гробната јама зборува за тоа дека самата урна била од материјал вреден да биде ограбен. Фактот дека гробната јама не е оштетена укажува на тоа дека ограбувачите биле добро упатени за тоа каде била урната поставена. А тоа значи дека ограбувањето се случило непосредно по самото погребување. Притоа е јасно дека погребаниот/погребаната припаѓале на највисоката социјалн класа од времето на римското империјално владеење. Тие биле припадници на локалната аристократија чии имоти се наоѓал во питоми предели на Козјачка и Раданска река.

# Стојан Арсов, фудбалерот кој ја испиша фудбалската историја на Штип

Тој е една од најмаркантните спортски личности на Штип која преку настапи во неговата ФК Брегалница фудбалот го подигна на едно повисоко ниво. За омилениот клуб играше цели 16 години, на почетокот кратко како центарфор, а потоа долги години како центархалф.

Општина Штип годинава (конечно) му оддаде почит за сите негови спортски подвизи со доделување на Осмоноемвриското признание. Со Арсов разговараме за неговата импозантна спортска кариера.

-Во фудбалот се заљубив како дете, а веќе на 17 годишна возраст заиграв во првиот тим на Брегалница. Беше тоа на 1 мај 1963 година кога настапив како центарфор на кое место играв само шест натпревари, а на кои постигнав пет гола. Но, кога ги започнавме подготовките за наредната фудбалска сезона стандарниот центархалф Ципушев замина во скопски Работнички, а тренерто Пуриќ ми рече дека сакал да види како ќе се покажам. На Пуриќ не можеше да му се рече „не сакам“, па во подготвителниот период одригравме пет пријателски утакмици по кои и тренерот, а и јас лично, оценивме дека тоа место ми одговара. И така, приказната остана да живее на фудбалскиот терен цели 16 години, вели Арсов.




Во таа 1963/64 година Брегалница станува шампион и беше потребно да игра квалификации за влез во Втората југословенска фудбалска лига.

-За противник го добивме ОФК Титоград од Црна Гора, во Штип победивме со 1:0 па требаше да одиме на реванш во Титоград. Но, на пат за таму имавме тешка сообраќајка во која животот го загуби членот на управата Никола Караколев, а со потешки повреди се здоби фудбалерот Спасовски. Реваншот го игравме после една недела и победивме на пенали при што нашиот голман Ефремов одбрани три пенала. Така, за првпат влеговме во Втората ЈУ лига-Исток, посочува најславната штипска петка.



Стојан Арсов

ФК Брегалница одново игра квалификации 1967, па 1976 и 1984 година. Арсов девет сезони игра во Втора ЈУ лига-Исток, а четири години во Првата Македонска фудбалска лига.

-На својата дваесетта година станав капитен на Брегалница што за мене беше голема чест. Во сезоната 1974, иако играв во одбраната како центархалф, постигнав дури 22 гола. Ниту до тоа време, а ниту после него не се случило некој одбранбен фудбалер да даде толку голови. Можеби е тоа приказна за Гинисовата книга на рекорди, со насмевка вели Арсов.

Но, во еден миг тој решил да ја напушти сојата најголема љубов – ФК Брегалница и да замине во екипата на ФК Победа од Прилеп.

-Тука, во Штип не добив ниту денар за мојот ангажман иако за фудбалерите дојдени од страна пари имаше редовно. Мене секогаш ми велеа „Ти си наше, штипско дете“. Затоа заминав во Победа каде за две години колку што играв добив 4,5 милиони денари. Тогаш имаше закон за фудбалерите кои играа во Првата и (или) во Втората лига да можат да добијат максимум пет милиони денари за четири години. Мене ова ми беше единствената заработка од фудбалот, ги појаснува нештата Стојан Арасов, штипскиот Бекенбауер. Тој учествува во сезони во кои ФК Брегалница освојува три титули, а во 1967 и 1976 година во квалификации за влез во Втората ЈУ лига-Исток е еден од оние кои изведуваа пенали.

Во 2000 година во анкета на Радио Штип, од нашите сограѓани Арсов е избран за фудбалер на векот. Две години потоа самиот ја пишува својата (авто)биографија во која е содржан целиот негов фудбалски живот.

-За фудбалот во негово време и денес Арсов вели: во тогашните мак-клубови имаше барем по 3-4 фудбалери кои можеа да играт во денешните европски клубови. Порано на тренинг имаше многу повеќе публика отколку денес на натпреварите во најелитната македонска лига. Мислам дека тоа кажува се.

Момче седи во кафуле и наспроти него госпоѓа од 50 години.
Момчето ја гледа госпоѓата и си вели
-„Старка е ама е многу добра“.
Госпоѓата ги забележува погледите на момчето, му приоѓа и му вели:
-Дали вие, млад господине, би сакале да поминете убава ноќ со една мајка и нејзината ќерка?
-Сакам, секако рекло восхитено момчето па со жената заминале во нејзиниот стан. Откако воделе љубов жената викнала на цел глас:
-Мамо доаѓај, имам убаво изненадување за тебе!

---

Трпе и Трајче го рагледуваат Колосеумот во Рим
-Каква фантастилна градба, вели Трпе.
-А да видиш каква убава ќе биде кога ќе се доизгради, додава Трајче.

---

На плажа во Охрид влав продава сладолед. Му приоѓа целосно гола жена излезена од езерото, а влавот ја гледа од глава до петици.
-Што е, не си видел гола женаа,-рекла госпоѓата.
-Не, не се работи за тоа, само се прашувам од каде ќе извадите пари за да платите за сладоледот, рекол влавот.

Тони пишува писмена по математика, а учителот му вели:
-Тони, се надевам дека денес нема пак да те фатам како препишуваш?
-И јас се надевам, учителе, рекол Тони.

---

Влав купува влезна врата и му вели на продавачот:
-Сакам врата со две шпиунки, едната на висина на окото, другата пола метар подолу..
-Па зошто баш со две шпиунки, прашува продавачот.
-На горната шпијунка да видам кој доаѓа, на долната да видам дали носи подарок за да му отворам или не!

---

Жена доаѓа во аптека и од аптекарот бара да купи шише арсеник.
-Не можам тоа да ви го дадам госпоѓо, арсеникот е тежок отров.
Жената брка во ташната, вади една фотографија и му ја подава на аптекарот.
На фотографијата биле мажот на жената и сопругата на аптекарот во незгодна поза.
-Па што не кажете дека имате рецепт, рекол аптекарот и и удоволил на жената.



# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Македонија е отворена**
**театарска сцена**
**претставата завршува кога**
**последнот „актер“ ќе**
**замине во странство,**
**а сцената ќе остане злокобно празна.**

.............................................................

**На шалтерите во банките стои напис:**
**„Благодариме за довербата“**
**а под благодарноста пенкало со**
**најцврст лепак залепено за пултот.**
**Толку од довербата.**

.............................................................

**Се на светот настанало**
**од пра мајката Македонија.**
**Како и многу мајки така и Македонија**
**е на пат да остане сама кога неа**
**ќе ја напушти и последното**
**нејзино чедо.**

.............................................................

**Зад нас оставаме уште една година**
**од нашите животи.**
**Се радуваме на новите предизвици кои**
**ни ги носи Новата година.**
**Се радуваме на влезот во непознатото**
**кое и не мора да е за некаква радост.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6 | 1 | | 8 | 7 | | | 4 |
| 8 | | | 5 | | 6 | 1 | | 9 |
| | | 7 | | | | 5 | | 6 |
| 6 | | | | 7 | 1 | 4 | 3 | |
| | 8 | | 3 | | 9 | | 1 | |
| | 5 | 3 | 6 | 2 | | | | 7 |
| 2 | | 5 | | | | 9 | | |
| 4 | | 6 | 1 | | 3 | | | 8 |
| 3 | | | 2 | 4 | | 7 | 6 | |





## ИМПРЕСУМ

**Издавач: Медиум Боја 43 – Штип**
**Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:**
**Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип**

**Одговорно лице: Иван Бојаџиски**

**Излегува еднаш месечно**
**Првиот број излезе во месец април, 2009 година**
**Главен и одговорен уредник:**
**Иван Бојаџиски 078/375582**

**Графички уредник:**
**Јорданчо Бојаџиски, 078/473094**

**Овој број е отпечатен на 16.12.2024 година**
**Тираж: 1.000 примероци**

**Ж-ка: 290000002136767**
**Едб:4029019522191**
**Т.Т.К. банка А.Д. Скопје**
**Годишна претплата: 180 денари.**

**Печати: Европа 92-Кочани,**
**ул. „Крижевска“ бр. 52**

**За Штипски глас**
**се плаќа повластена даночна стапка од 5%**

**ISSN 2545-4498**
**Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски**

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Ш.Г. | Бразил. фудбалер | Организ. кои живеат без кислород | Река во Украина | Вид коњски од | Очен лекар | Виничко село |
| | | | | | | | Раздор | | | | | | |
| | | | | | | | Вулкан во Јапонија (на Хоншу) | | | | | | |
| | | | | | | | Старото име на Нин | | | | | | |
| | | | | | | | Воздух (лат.) | | | | Лени Кравиц / Гајтани | | |
| | | | | | | | Ли Ремик | | | Врарови Одметник / отпадник (лат.) | | | |
| Ш.Г. | Италијан. композитор | Соли на уранската киселина | Наука за полжавите | Артисктка Савина | Група птици во лет | Францу-ски писател | Пејачка Драгоевич / Вид морски рак (мн.) | | | | | | Пејач Сакич |
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Европска река | | | | | | | | Река во Нигерија / Улица (скр.) | | | | Сврзник / Област (тур.) | |
| Романски фудбалер Родион | | | | | | | | | Вид гас / Релација | | | | |
| Показна заменка | | | | Најука за ушите и нивните болести / Слично (скр.) | | | | | | | | | |
| Физичарот Планк | | | | | Самогла-ска и сог-ласка / Милост (разг.) | | | Наша афирма-ција / Животно со боцки | | | Конак / Голема математ. заграда | | |
| Герман. конст-руктор | | | | | | | | | | | | | Рибо-ловци |
| Вид ста-рогрчки шешир | | | | Сели Филд / Машко име | | | Пејач Дасен / Река во Турција и Русија | | | Шкотс. физичар Џон / Казан | | | |
| Вокал | | Амер.арт. Кејт / Полет | | | | | | Кошарк. Пипен / Канал за наводн.во Средна Азија | | | | | |
| Јужно америк револу. Ернесто | | | | | | | | | Јадран. остров / Италија | | | | |
| Војво-дински тенисер Золтан | | | | | Токиски аеродром / Алпс. врв во Швај-царија | | | | | | | Ангстерм / Ербиум | |
| Наш фудбал. Илија | | | | | | | | | Брази. фудбалер / Првата буква | | | | |
| Инатење | | | | | | Вид украсна риба | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA